**Конзерваторско реставраторски работи на римскиот театар на археолошки локалитет Стоби 2023**

***Конзерваторско реставраторските работи се изведени во јуни 2023 година, од стручен тим:***

- Проф. д-р Трајче Нацев конзерватор советник, раководител на конзерваторско реставраторските работи на објект театар
- м-р Гоце Павловски, археолог, раководител на археолошките истражувања на објект театар

***Конзерваторските работи беа изведени на:***

- Радијален ѕид бр. 17
- Радијален ѕид бр. 18
- Радијален ѕид бр. 21
- Радијален ѕид  бр.22
- Радијален ѕид бр. 23 (западно лице)
- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 16  и 17
- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 17  и 18
- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 21и 22
- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 22  и 23
- Периметрален – циркуларен ѕид V

Сите позиции се предвидени со барањето за дозвола за конзерваторско реставраторските работи и се дел од основниот проект за КОНЗЕРВАЦИЈА И

РЕСТАВРАЦИЈА НА СУПСТРУКЦИЈАТА ОД ИСТОЧНАТА ПОЛОВИНА НА SUMMA CAVEA НА ТЕАТАРОТ ВО СТОБИ.

***Отстранување на дерутиран градежен материјал***:

- Радијален ѕид бр. 17

Отстранување на дерутиран градежен материјал, извршено е на источното и западното лице и од круната на ѕидот. На западното лице, извадени се голем процент на истрошени камења.

- Радијален ѕид бр.18

Отстранување на дерутиран градежен материјал, изведено е од западното лице, каде ѕидот се вкрстува со циркуларниот ѕид IV.

- Радијален ѕид бр.21

Отстранување на дерутиран градежен материјал, изведено е на западното и источното лице, на позицијата каде ѕидот се вкрстува со циркуларниот ѕид IV.

- Радијален ѕид бр.22

Отстранување на дерутиран градежен материјал, изведено е на истите позиции како кај радијален ѕид 21, односно на западното и источното лице, на позицијата каде ѕидот се вкрстува со циркуларниот ѕид IV.

- Радијален ѕид бр.23

Конзервацијата на радијалниот ѕид е започната од 2021 година. Во 2022 година, извршено е надѕидување на дел од источното лице на ѕидот. Оваа година продолживме со конзервацијата. Активностите беа насочени кон западното лице и круната на ѕидот. Извршено е отстранување на дерутиран градежен материјал од западното лице и од круната на ѕидот.

- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 16 и 17

Отстранување на дерутираниот материјал (камен и малтер), од круната и многу мала површина од јужното и северното лице на ѕидот.

- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 17 и 18

На ист начин како кај претходниот ѕид, извршено отстранување на дерутиран материјал, по целата должина од круната на ѕидот и на многу мала површина од северното и јужното лице.

- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 21 и 22

Отстранување на дерутиран материјал, извршено е само на круната на ѕидот .

- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 22 и 23

Во циркуларниот ѕид IV, помеѓу радијалните ѕидови 21 и 22, уште во текот на истражувањето, констатирани големи оштетувања иако овој дел од циркуларниот ѕид е најсочуван во однос на останатите делови. Ѕидот е пробиен уште во периодот на доцната антика, кога на гледалиштето биле формирани односно градени куќи. Во текот на истражувањето, не се наруши состојбата на отворот за врата во ѕидот. Оваа година пристапивме со конзервација на овој дел со цел ѕидот да го сочуваме во состојба по истражување со сочуваната висина. Затоа многу внимателно пристапивме со отстранување и чистењето на ѕидот, за да не дојде до негово рушење. Отстранет е дел само во долниот дел, кој бил изневилиран со камени поврзувани со земја. Истите се извадени, просторот е исчистен и измиен за понатамошни активности. Старничните и од горните партии се вршеаа постепено во текот на надѕидувањето, односно во текот на затворањето на овој (врата).

- Периметрален – циркуларен ѕид V

Отстранување е на дерутиран градежен материјал е изведен само на круната на ѕидот.

***Чистење и миење на ѕидовите пред надѕидувањето.***

Извршено е целосно чистење и миење на припреманите површини кои се предмет на конзерваторско реставтраторските работи.

***Надѕидување:***

- *Конзервација на радијалните и циркуларните ѕидови од summa cavea*

Со отстранувањето на дерутираниот материјал од лицата и од јадрото на радијалните ѕидови, циркуларниот ѕид IV, на споемнатите позиции помеѓу радијалните ѕидови и периметралниот – циркуларниот ѕид V, кои се предмет на конзервација и реставрација се создадени услови за отпочнување со надѕидување на истите.

Надѕидувањето на ѕидовите е изведено во градежна техника opus incertum, со песочник, кој помеѓу себе е поврзуван со варов малтер.

Височините на споменатите ѕидови, по конзервацијата и реставрацијата сеуште ја немаат висината предложена согласно предложениот основен проект за КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА СУПСТРУКЦИЈАТА ОД ИСТОЧНАТА ПОЛОВИНА НА SUMMA CAVEA НА ТЕАТАРОТ ВО СТОБИ. Во оваа фаза, исто како и минатата година, кај ѕидовите кои беа цел на конзервација и реставрација, и оваа година целта на конзерваторско реставраторските работи е да се заштитат ѕидовите од понатамошно пропаѓање а во втората фаза ѕидовите ќе бидат надѕидани со висини кои се предложени во основниот проект. Кај поголем број од ѕидовите, круната е повисока со 0.10 до 0.15 м а на кој некои ѕидови и повеќе ги надвишува лицата на ѕидот. На тој начин атмосферската вода многу полесно ќе истекува од ѕидовите и нема да се задржува.

- Радијален ѕид бр. 17

По отстранувањето на дерутираниот градежен материјал, изведено е надѕидување во иста градежна техника како и сочуваните партии од овој ѕид. По надѕидувањето, лицата на ѕидовите се со многу мала разлика во однос на висината пред конзервација. Изведено е пломбирање на позициите каде биле извадени истрошените камења, особено во западната фасада каде констатиравем големи оштетувања. Круната на ѕидот, како резултат на нејзината сочуваност е на повисоко ниво во однос на лицата на ѕидот. Конзервацијата односно надѕидувањето на круната е изведено по целата отворена површина со различни висини од север кон југ. При надѕидувањето и пломбирањето запазен естариот опус на ѕидарија.

- Радијален ѕид бр.18

Конзервацијата и реставрацијата на ѕидот е изведена во претходните години. Оваа година, надѕидување е изведено само на позицијата каде ѕидот се вкрстува со циркуларниот ѕид IV.

- Радијален ѕид бр. 21

Конзервацијата и реставрацијата на ѕидот е исто така изведена во претходните години. Оваа година конзегрвацијата, односно надѕидувањето е извршено на истата позиција како и кај радијалниот ѕид бр. 18.

- Радијален ѕид бр. 22

Конзервацијата и реставрацијата на ѕидот е исто така изведена во претходните години. Оваа година конзегрвацијата, односно надѕидувањето е извршено на истата позиција како кај радијалните ѕидови бр. 18 и 21.

- Радијален ѕид бр. 23

Конбзервацијата на ѕидот е започната во 2021 година. Во мината година односно во 2022 година, конзервација е извршена на источната фасада. Оваа година со конзервација на циркуларниот ѕид IV, помеѓу ѕидовите 22 и 23, беа создадени услови за продолжување на конзервацијата и реставрацијата. По отстранувањето на дерутиран градежен материјал од западното лице, беа создадени услови за негово надѕидување. Така висината по конзервација е иста како и висина од оваа година по конзервација. Исто така извршено е и надѕидување на круната на ѕидот.

- Циркуларен ѕид IV помеѓу радијални ѕидови 16 и 17

Височините на надѕидувањето се различни: од северна страна циркуларниот ѕид ги прати височините во источниот дел на радијалните ѕидови бр. 16 и 17. Оштетувањата од круната се затворени. Јужното лице е повисока во однос на северното лице.

- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 17 и 18

И кај овој ѕид конзервацијата е изведен на сличен начин како кај циркуларниот ѕид IV. Оштетувањата од круната се затворени.

- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 21и 22

Надѕидувањата на циркуларниот ѕид се изведени со мали висини. Височините кои се добиени по надѕидувањето одговараат на височините на петата од каде започнува, свод кој го затвора коридорот помеѓу циркуларните ѕидови IV I V. Јадрото на ѕидот е повисоко и е поврзано со радијалните ѕидови.

- Циркуларен ѕид IV, помеѓу радијален ѕид 22

На ист начин како кај циркуларниот ѕид помеѓу ѕидовите 21 и 22, извршена конзервација односно надѕидување на ѕидот, по целата негова должина на споменатите позиции.

- Периметрален – циркуларен ѕид V

На исчистената позиција, извршено е надѕидување по целата површина која беше припремена со еден ред на камен во продолжен малтер.

- ***Фугирање***

По завршувањето со конзервацијата и реставрацјата на радијалните ѕидови, и затврањето на позициите на истрошените камења изведено е затварање на фугите помеѓу камењата со продолжен малтер, само на лицата на ѕидовите. Фугирање на круната не е извршено, бидејќи ѕидовите не се завршени, односно конзервирани врз основа проектот.

Раководител

д-р Трајче Нацев, конзерватор советник

Радијален ѕид 17



